


**Марија Емилија Кукубајска**

**ЗЕМЈО МОЈА**

Честито да ни’ е празнувањето

На твоето, наше, човеково постоење и постојано

поставување, сега и засекогаш, со име и имање.

Горди, чесни, верни Македонци сме,

не самољубиви, самотни самоуништувачи,

но самосвесни носачи, столбови на својот

дом и род. Домашни задачи да исполнуваме

во наше име за светски напредок да се вложуваме,

од предок и од потекло длабоко што трае и тече

во нашите жили и вени, Жили на Мирот и Вени Неовенати.

Нашата гордост - од самопочит потекнува, од самосвест,

Од вест носена од еоните - дека СМЕ БИЛЕ, И СМЕ

МАКЕДОНЦИ, СВОИ НА СВОЕ ПРАСТАРО, И СОВРЕМЕНО,

И НАДВРЕМЕНО НАСЛЕДСТВО И ВЛОЖУВАЊЕ

ВО ИДНИНАТА НА СВЕТОТ одсекогаш што бил о-творено затворен.

Нашето Балканско, Европско, планетарно срце среде полуостровот,

Не се преполови од сабји што гаѓаат од Г-громови и Шш-шарени ветришта

Нечии, празни глави што ги дуваат, полни со отровна прашина – илузии...

Одново и одново родени да сме, да се чуваме од туѓи болести, хистерии

и трансови пост-оперативни, мани-мани/пулативни.

Да се браниме, лечиме,

Разумно, учено, искусно, а смирено, да ечиме ВЕРНО СЛАВИМЕ:

ВИСТИНАТА Е НЕНАДМИНАТА!

ПРАВДАТА - МИР ПРАВЕДЕН ОСТАНУВА ДА ЉУБИ,

РОБУВАЊЕТО НА ЛАГАТА НЕ МОЖЕ А ДА НЕ СЕ ГУБИ ПРЕД ПОТЕКЛОТО

НА ПРА-ПОДАТОКОТ ДЕКА ТИ СИ МОЈА ЗЕМЈА, НАРОД МОЈ.

ИСТОРИЈА  ПО ТАТКО И МАЈКА,

ИСТОРИЈА ПО КАНАЛИ НА ЗДРАВИОТ КОРЕН, И УМ.